# Табела за самооценување (согласно Европското јазично портфолио на Советот на Европа)

| | A1 | A2 | B1 | B2 | C1 | C2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Разбирање**<br><br>Слушање | Можам да разберам секојдневни зборови и основни фрази кои се однесуваат на мене, на моето семејство и на непосредното опкружување кога луѓето ми зборуваат бавно и јасно. | Можам да разберам фрази и најчесто употребувани зборови кои се од непосредно значење за мене лично (на пр. основни лични податоци и податоци за семејството, за пазарување, блиската околина, работното место). Можам да ја сфатам суштината на кусите, јасни, едноставни пораки и соопштенија. | Можам да ги разберам главните идеи на јасниот и стандарден говор на познати теми што редовно се среќаваат на работа, на училиште, во слободното време. Можам да ја разберам суштината на многу радио и ТВ емисии за актуелни настани или теми кои се од мој личен или професионален интерес, доколку се зборува релативно бавно и јасно. | Можам да разберам поопширни излагања и предавања и да следам поопширни расправи доколку темата ми е донекаде позната. Можам да разберам поголем дел од вестите на ТВ и од емисиите за актуелни настани. Можам да ги разберам и повеќето филмови на стандарден јазик. | Можам да разбирам поопширни излагања дури и кога не се јасно структурирани или врските не се јасно изкажани, туку само се подразбираат. Можам да ги разберам телевизиските емисии или филмови без поголем напор. | Немам потешкотии да разберам кој и да е тип говорен јазик во непосредна комуникација или преку медиумите дури и ако се зборува со брзина на роден говорител, доколку имам малку време да се навикнам на акцентот. |
| Читање | Можам да разберам познати имиња, зборови и многу едноставни реченици (на пр. на натписи, плакати или во каталози). | Можам да читам многу куси, едноставни текстови. Можам да најдам конкретни и предвидливи информации во едноставни секојдневни материјали (на пр. огласи, проспекти, листи на јадења и распореди) и можам да разберам куси, едноставни лични писма. | Можам да разберам текстови кои содржат најчесто користени секојдневни зборови или јазик поврзан со мојата работа. Можам да го разберам описот на настаните, чувствата или желбите во лични писма. | Можам да читам статии и извештаи кои обработуваат современи проблеми и во кои авторите заземаат одредени ставови или гледишта. Можам да разберам современа литературна проза. | Можам да разберам долги и сложени текстови засновани на факти, како и литературни текстови воочувајќи ги разликите во стилот. Можам да разберам стручни написи и подолги технички упатства, дури и ако не се поврзани со моето поле на интерес. | Можам со леснотија да ги читам сите пишани форми на јазикот, вклучувајќи и апстрактни, структурално или јазично сложени текстови (на пр. прирачници, стручни написи и литературни дела). |
| **Зборување**<br><br>Говорна интеракција | Можам да комуницирам на едноставен начин доколку соговорникот е подготвен да ги повторува или да ги парафразира речениците со побавно темпо и ми помага да го формулирам тоа што се обидувам да го кажам. Можам да поставувам едноставни прашања и да одговарам на нив, ако се однесуваат на непосредни потреби или на познати теми. | Можам да комуницирам во едноставни и секојдневни ситуации што бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности. Можам да учествувам во многу куси секојдневни разговори, иако обично не разбирам доволно за да можам самостојно да ја продолжам конверзацијата. | Можам да се снајдам во повеќето ситуации кои можат да се јават при патување во области каде се зборува јазикот. Можам неподготвено да се вклучам во разговор на теми кои ми се познати, кои се од личен интерес или се однесуваат на секојдневниот живот (на пр. семејство, хоби, работа, патувања и актуелни настани). | Можам да комуницирам доволно течно и природно, што ми овозможува непречена интеракција со соговорниците кои зборуваат на својот мајчин јазик. Можам активно да учествувам во дискусии на познати теми и ситуации, застапувајќи ги и бранејќи ги своите гледишта. | Можам течно и спонтано да се изразувам без некој видлив напор за барање изрази. Можам флексибилно и ефикасно да го користам јазикот за дружење и професионални цели. Можам со прецизност да формулирам идеи и мислења и вешто да се вклучам во дискусија со други соговорници. | Можам со леснотија да учествувам во секој разговор или дискусија и имам добро познавање на идиоматски изрази и колоквијализми. Можам течно да се изразувам и прецизно да ги доловувам и попрефинетите нијанси на значењето. Доколку наидам на проблем, можам да се навратам и да го преформулирам толку вешто, што другите нема да го забележат тоа. |
| Говорна продукција | Можам да користам едноставни фрази и реченици за да го опишам своето место на живеење и луѓето кои ги познавам. | Можам да користам низа фрази и реченици за да ги опишам на едноставен начин: моето семејство, другите луѓе, животните услови, моето образование и мојата сегашна или последна работа. | Можам да поврзувам фрази на едноставен начин за да опишам доживувања и настани, моите соништа, надежи и амбиции. Можам накусо да ги образложам и да ги објаснам своите ставови и планови. Можам да раскажам приказна, содржина на книга или филм и да ги опишам моите реакции. | Можам да зборувам јасно и подробно на голем број теми поврзани со моето поле на интерес. Можам да го објаснам својот став во врска со некоја актуелна тема, наведувајќи ги предностите и недостатоците на различните можности. | Можам да дадам јасни, детални описи на сложени теми, вклучувајќи разни тематики, развивајќи одредени идеи и заокружувајќи го тоа со соодветен заклучок. | Можам јасно и течно да опишувам и да расправам со стил кој е соодветен на контекстот и со таква логи~на структура која му помага на соговорникот да ги забележи и да ги запомни значајните идеи. |
| **Пишување** | Можам да напишам куса, едноставна картичка, на пр. да пратам поздрави од одмор. Можам да пополнувам формулари со лични податоци (на пр. да ги внесам своето име, националност и адреса на формулар за пријавување во хотел). | Можам да пишувам куси, едноставни белешки и пораки. Можам да напишам многу кусо лично писмо (на пр. да му се заблагодарам некому за нешто). | Можам да напишам едноставен поврзан текст на позната тема или на тема од личен интерес. Можам да пишувам лични писма во кои ги опишувам своите доживувања и впечатоци. | Можам да напишам јасен, детален текст на голем број теми поврзани со моите интереси. Можам да напишам состав или извештај во кој пренесувам информација или наведувам причини за или против определено гледиште. Можам да пишувам писма, нагласувајќи го значењето на настаните и искуствата за мене. | Можам да ги изнесувам своите идеи во јасен, добро структуриран текст и да давам поопширни објаснења за моите ставови. Можам да пишувам за сложени теми во писма, состави или извештаи, нагласувајќи го она што сметам дека е важно. Можам да го одберам стилот соодветен за определениот читател. | Можам да напишам јасен текст во соодветен стил. Можам да пишувам сложени писма, извештаи или написи со ефикасна логична структура која му помага на читателот да ги забележи и да ги запомни значајните идеи. Можам да пишувам куси осврти и резимеа за стручни или литературни дела. |